# ЗНМ се солидаризира со турските новинари и медиуми




**Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ) се приклучи во петокот кон иницијативата на Меѓународната федерација на новинари(МФН) и Европската федерација на новинари (ЕФН) против бранот на напади врз слободата на медиумите и човекови права во Турција.**
ЗНМ, исто така, упати писмо до турскиот амбасадор во Скопје, Умур Шелендир, во кое изразува длабока загриженост за масовното затварање на медиуми и апсење новинари, кое се случува во Турција, по обидот за воен удар. Во писмото, престедателот на ЗНМ, Насер Селмани ја повикува турската влада да се воздржи од нови напади на медиуми и новинари.

„Веруваме дека вонредната состојба не треба да се користи како изговор за чистка во медиумите, како и во другите делови на општеството. Цензура на медиумите заради критики насочени кон владината политика е незаконска, дури и во вонредна состојба“, се вели во писмото.

ЗНМ, и сите членки на МФН и ЕФН ги повикуваат турските власти да ги почитуваат меѓународните конвенции за човековите права, социјалните права и слободата на говорот. „Ве охрабруваме да ја негувате култура каде во целост се почитува слобдата на печатот“, се истакнува во писмото.

Од ЗМН во име на заштита на слободата и демократијата во Турција апелира на потпишување петецијата објавена од Амнести интернешнл.

На следниот линк може да се најдат имињата на затворените новинари и сопственици на медиуми./крај/мф

**Copyright 2016 makfax Сите права се задржани. Текстов не смее да се печати или емитува, во целина или во делови, без договор со Макфакс. Во спротивно Макфакс го задржува правото да го фактурира преземениот текст согласно својот ценовник и правила.**

**Извор :** Макфакс **Објавено :** петок, 29 јули 2016 17:44:59

Поврзани Вести